Врз основа на член 14, точка 29 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За усвојување на Извештај за реализација на Годишната програма за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 година, што советот го донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3616/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Годишна програма на СОУ „Ѓорче Петров“Крива Паланка за учебната 2009/10 година

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната програма на СОУ „Ѓорче Петров“ - Крива Паланка за учебната 2009/10 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Годишна програма за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година, што советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објаувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3616/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/07) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „Ѓорче Петров“ Крива паланка за учебната 2010/11 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишната програмата за работа на СОУ „Ѓорче Петров“ - Крива Паланка за учебната 2010/11 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средно образование (Сл.весник на РМ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04,82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08,33/10, 116/10) член 14 ст.1 т.11 од Статутот на Општина Крива Паланка (“Службен гласник” на Општина Крива Паланка бр.7/06) Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 27.09.2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За давање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици

### Член 1

Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Средното општинско училиште” Ѓорче Петров” од Крива Паланка за формирање на петнаесет паралелки со помал број од 25 ученици во учебната 2010/2011 година.

### Член 2

Паралелки кои ќе се формират со помал број на ученици се следните:

**Втора година**

2-1 гимназиско образование со 23 ученици
2-2 гимназиско образование со 22 ученици
2-3 гимназиско образование со 23 ученици
2-5 гимназиско образование со 23 ученици
2-6 гимназиско образование со 23 ученици
2-10 машинска струка, машинист за компресорски и ладилни постројки, тригодишно траење со 16 ученика

**Трета година**

3-2 гимназиско образование-општествено-хуманистичко со 24 ученика
3-4 гимназиско образование-општествено-хуманистичко со 23 ученика
3-6 гимназиско образование-општествено-хуманистичко со 24 ученика
3-9 машинска струка, машинист за компресорски и ладилни постројки, тригодишно траење со 15 ученика

**Четврта година**

4-1 гимназиско образование-природно математичко со 22 ученика
4-4 гимназиско образование-општествено-хуманистичко со 21 ученика
4-5 гимназиско образование-општествено-хуманистичко со 21 ученика
4-6 гимназиско образование-општествено-хуманистичко со 22 ученика
4-9 машинска струка, машински техничар, четиригодишно траење со 22 ученика

### Член 3

Согласноста за формирање на овие паралелки се дава со цел да бидат опфатени ученици кои живеат на територијата на општина Крива Паланка и Ранковце, кои со оглед на структурата на учениците и нивната материјална состојба, немаат можност да се запишат во други средни училишта, на подрачјето на други општини.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во “Службен гласник” на Општина Крива Паланка.

**Бр. 07-3616/7**
**27.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 52 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за давање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09..2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/8**
**29.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 29 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За усвојување на Извештај за работа на Основно училиште „Јоаким Крчовски “ – Крива Паланка во учебната 2009/10 година

Член 1

1.Се усвојува Извештајот за работа на Основното училиште „Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 година, што советот го донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

Член 2

2. Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3616/9**
**27.09.2010 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ Крива Паланка за учебната 2009/10 година

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка за учебната 2009/10 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/10**
**29.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За усвојување на Годишна програма за работа на Основното училиште „Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Основното училиште „Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година, што советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објаувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3616/11**
**27.09.2010 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 7/07) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ Крива паланка за учебната 2010/11 година

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка за учебната 2010/11 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/12**
**29.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 29 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За усвојување на Годишен извештај за работа на Основно училиште „Илинден“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 година

Член 1

1. Се усвојува Годишниот извештајот за работа на Основното училиште „Илинден“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 година, што советот го донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

Член 2

2. Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3616/13** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** — **Претседател,**
**Крива Палнака** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Годишнен извештај за работа на ОУ „Илинден“ Крива Паланка за учебната 2009/10 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишен извештајот за работа на ОУ „Илинден“ - Крива Паланка за учебната 2009/10 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/14** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**За усвојување на Годишна програма за работа на Основното училиште „Илинден“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Основното училиште „Илинден“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година, што советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објаувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3616/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 7/07) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ „Илинден“ Крива Паланка за учебната 2010/11 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Илинден“ - Крива Паланка за учебната 2010/11 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовскис.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 29 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**За усвојување на Извештај за работа на Општински ученички дом „Боро Менков“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за работа на Општински ученички дом „Боро Менков“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 годинашто советот го донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 07 – 3616/17
27.09.2010 год.
Крива Палнака

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковскис.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештај за работа на ОУД „Боро Менков“ Крива Паланка за учебната 2009/10 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на ОУД „Боро Менков“ - Крива Паланка за учебната 2009/10 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 3616/18
29.09.2010 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.

Врз основа на член 14, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Програма за работа на Општински ученички дом „Боро Менков“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година**

1.Се усвојува Програма за работа на Општински ученички дом „Боро Менков“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година, што советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објаувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 07 – 3616/19
27.09.2010 год.
Крива Палнака

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 7/07) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на**
**Програма за работа на ОУД „Боро Менков“**
**Крива Паланка за учебната 2010/11 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ОУД „Боро Менков“ - Крива Паланка за учебната 2010/11 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 29 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Годишен извештај за работа на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Детелинка“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 год.**

Член 1

Се усвојува Годишниот извештајот за работа на Општинската јавна установа за деца - Детска градинча „Детелинка“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 година, што советот го донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3616/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работа на ОЈУДГ „Дetелинка“ Крива Паланка за учебната 2009/10 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на ОЈУДГ „Детелинка “ - Крива Паланка за учебната 2009/10 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/22**
**29.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Годишна програма за работа на Општинската јавна установа да деца - Детска градинка „Детелинка“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинската јавна установа за деца – Детска градинка „Детелинка“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објаувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3616/23**
**27.09.2010 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 7/07) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Програма за работа на ОЈУДГ „Детелинка“ Крива Паланка за учебната 2010/11 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Програмата за работа на ОЈУДГ „Детелинка“ - Крива Паланка за учебната 2010/11 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/24** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 33 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештај за безбедносната состојба во областа на јавната безбедост во првите 6 месеци од 2010 година**

Член 1

1. Се усвојува Извештајот за безбедносната состојба во областа на јавната безбедност во првите 6 месеци од 2010 година, што советот го донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 3616/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештај за безбедносната состојба во областа на јавната безбедност во првите 6 месеци од 2010 година

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Извештајот за безбедносната состојба во областа на јавната безбедност во првите 6 месеци од 2010 година, што Советот го донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/26** | **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** | **Градоначалник,**
**Крива Паланка** | **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа чл.22 од Законот за локалната самоуправа (02/2005), чл.14 ст.1 т.23 од Статутот на општината Крива Паланка (службен Гласник на Општина Крива Паланка бр.07/2006), Градоначалникот на Општина Крива Паланка Арсенчо Алексовски до Советот на Општина Крива Паланка ја поднесува следната :

## И Н И Ц И Ј А Т И В А
## за поведување на постапка за именување на улици, плоштади мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка

Согласно на чл. 22 од законот за локалната самоуправа “**Листа на надлежности**“ е предвидено дека општините меѓу другото се надлежни и за определување на имиња на улици , плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти. Согласно на чл.23 од Статутот, Советот на Општина Крива Паланка определува имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти од локално значење

Согласно на чл.3 од законот за имиња на улици плоштади и други инфраструктурни објекти “ На секоја улица, плоштад, мост и друг инфраструктурен објект се определува име , а согласно на чл.4 определувањето на името се врши со одлука донесена од страна на Советот на општината. Името може да биде определено со географско, етнографско, историско и друго обележје, име на истакната личност од областа на историјата, науката и културата, други погодни имиња, како и име на значаен настан и датум врз основа на листа на имиња. Согласно на чл.6 од истиот закон при креирањето на листата се има предвид дека не може да се определи име со кое се нарушува угледот на Р. Македонија се навредуваат националните чувства на граѓаните

на Р. Македонија и на други држави како и се нарушуваат односите меѓу заедиците обичаите, јавниот морал и дека името на улицата не може да има повеќе од 4 збора .

Согласно на цитираните законски одредби оваа иницијатива е поднесена со цел дел од улиците во населба Грамаѓе да се именуваат, а и токму со оглед на тоа што станува збор за збратимени градови на општина Крива Паланка со кои општината соработува на повеќе планови и во повеќе области.

Се предлага следното дополнување на листата на имиња, на улици , плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Крива Паланка односно определување на имиња на следниве улици:

Улица 1 - **Вршачка**

Започнува од северната страна од магистралниот патен правец М2 (Деве Баир – Крива Паланка – Куманово ), оди низводно покрај долот од новата бензинска пумпа до ул. “Пролетерска“ и на неа припаѓаат краците лево и десно од улицата

Улица 2 – **Дупница**

Започнува од северната страна од магистралниот патен правец М2 ((Деве Баир – Крива Паланка – Куманово ) кај продавницата на Николчо, оди узводно покрај долот до ул. “Пролетерска“ и на неа припаѓаат краците десно и лево од улицата.

Улица 3 – **Млава**

Започнува од северната страна од магистралниот патен правец М2(Деве Баир – Крива Паланка – Куманово ) кај место викано “Миланово Лозје“ оди узводно кон југ по трасата на стариот локален пат с . Конопница , поминува покрај местотот викано “Штала“ и се спојува со улицата “Пролетерска“.

Улица 4 – **Банско**

Започнува од новопредвидената улица Млава непосредно до м.в “Штала“ оди кон исток паралелно со ул. Пролетерска, локален пат за с. Конопница и доѓа до ново предвидената ул. Дупница и на неа припаѓаат краците лево и десно од улицата.

Плоштад пред зградата на општина Крива Паланка на ул. Свети Јоаким Осоговски бр.175. – **Карпошово востание**

Целта на оваа иницијатива за определување на имиња на улици е поради тоа што за овие улици до сега не се определени имиња, а од друга страна за продлабочување на соработката меѓу збратимените градови донесување на една одлука со која би се дале имиња на збратимени градови би дало придонес кон зацврстување на односите кои ќе ги има општината со истите.

Именувањето на плоштадот е поради тоа што на ова подрачје во 1689 година во просторот помеѓу Ќустендил и Скопје избувнало востание на чело со познатиот Ајдутски војвода Карпош и како главно упориште на слободната вистаничка територија станала токму територијата на општината Крива Паланка.

Поради одбележување на ликот и делото на македонскиот ајдутски војводата Карпош и во чест на востанието предводено од Карпош и првата ослободена територија која што во највисокиот подем и моќ на Отоманската империја востаниците успеале да ја одржат повеќе од три месеци, предлагам плоштадот кој ќе се изгради пред општината да се наименува во Карпошово Востание.

Согласно на наведеното се предлага на Советот да ја усвои оваа иницијатива за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Крива Паланка

**Бр.07 – 3616/27**
**27.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

### За прогласување на Иницијатива за поведување на постапка за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка

1. Се прогласува Иницијативата за поведување на постапка за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.09.2010 година.
2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/28**
**29.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 5 од Законот за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и други инфраструктурни објекти („Службен весник на РМ“ бр.66/04; 55/07), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 27.09.2010 година, ја утврди следната

## ПРЕДЛОГ - ЛИСТА НА ИМИЊА

### на имиња на улици,плоштади,мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина КриваПаланка

| Ред. Бр. | И М Е | З н а ч е њ е |
|---|---|---|
| 1. | **Ѓорче Петров** | Народен херој |
| 2. | **Чупино Брдо** | Спомен обележје од НОВ |
| 3. | **11-ти Октомври** | Почеток на борбата на македонскиот народ за ослободување |
| 4. | **17-та Македонска Бригада** | Воена единица од НОВ |
| 5. | **Горан Стојановски** | Бранител од Крива Паланка кој загина за време на конфликтот во РМ во 2001 година |
| 6. | **3- та Македонска Ударна Бригада** | Воена единица од НОВ |
| 7. | **Момир Стојановски** | Бранител од с.Дубровница кој загина за време на конфликтот во РМ во 2001 година |
| 8. | **8-ми Октомври** | Ослободување на Крива Паланка |
| 9. | **8-ми Септември** | Осамостојување на Македонија |
| 10. | **Ацо Шопов** | Поет |
| 11. | **Баглачка** | Географски поим |
| 12. | **Биљино** | Географски поим |
| 13. | **Борис Арсов** | Академик професор |
| 14. | **Борис Трајковски** | Поранешен Претседател на РМ |
| 15. | **Браќа Миладинови** | Просветители |
| 16. | **Димитар Арсов** | Академик професор доктор |
| 17. | **Димитар Влахов** | Народен херој |
| 18. | **Единство** | Термин за единство |
| 19. | **Гоце Делчев** | Војвода |
| 20. | **Григор Прличев** | Поет |
| 21. | **Херој Карпош** | Народен херој |
| 22. | **Илинденска** | По настанот од 1903 Илинденско востание |
| 23. | **Индустриска** | Термин од економијата |
| 24. | **Јане Јакимовски** | Бранител од Крива Паланка кој загина за време на конфликтот во РМ во 2001 година |
| 25. | **Јане Сандански** | Војвода |
| 26. | **Јоаким Крчовски** | Просветител |
| 27. | **Калин Камен** | Географски поим |
| 28. | **Климент Охридски** | Просветител |
| 29. | **Кочо Рацин** | Поет |
| 30. | **Коце Металец** | Народен херој |

| | | |
|---|---|---|
| 31. | Крушевска | Историски настан-Крушевска Република |
| 32. | Лисец | Географски поим планина Лисец |
| 33. | Лозановска | Географски поим с.Лозаново |
| 34. | Македонска | По име на РМ |
| 35. | Св. Јоаким Осоговски | Македонски светец од XI век |
| 36 | Моша Пијаде | Идеолог-учесник во НОВ |
| 37. | Населба Долно Грамаѓе | Географски поим |
| 38. | Населба Баглачка | Географски поим |
| 39. | Населба Домачки Дол | Географски поим |
| 40. | Населба Трештен Дол | Географски поим |
| 41. | Наско Тамбурков | Доктор |
| 42. | Никола Карев | Војвода |
| 43. | Никола Тесла | Научник-иноватор |
| 44. | Орце Николов | Народен херој |
| 45. | Осоговска | Географски поим –Осоговска планина |
| 46. | Панче Пешев | Народен херој |
| 47. | Партизанска | По име на партизани од НОВ |
| 48. | Пере Тошев | Народен херој |
| 49. | Пиринска | Географски поим |
| 50. | Питу Гули | Војвода |
| 51. | Прохор Пчински | Име на светец |
| 52. | Пролетерска | Пролетери на работничката класа |
| 53. | Ратко Минев | Народен херој |
| 54. | Ристена Гоговска | Народен Херој од Кр.Паланка |
| 55. | Вардарска | Географски поим – река Вардар |
| 56. | Вера Јоциќ | Народен херој |
| 57. | Банско | Географски Поим Збратимен град Банско |
| 58. | Дупница | Географски Поим Збратимен град Дупница |
| 59. | Вршачка | Географски Поим Збратимен град Вршац |
| 60. | Млави | Географски Поим Збратимен град Млави |
| 61. | Плоштад Карпошово востание | Обележување на лик и дело на македонскиот ајдутски војвода Карпош |

**Бр.07 – 3616/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски.с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Предлог – листа за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Предлог - листата за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.09.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/30** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15Законот за локална самоуправа од (Службен веник на РМ бр. 05/02) и член 14 став 23 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.07/06) Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А

**за формирање (именување) на плоштад**
**Карпошово востание**

**Член 1**

Заради одбележување на ликот и делото на македонскиот ајдутски војводата Карпош, еден од првите херои на македонската револуција во времето на Отоманската империја, и во чест на востанието предводено од Карпош и првата ослободена територија која што во највисокиот подем и моќ на Отоманската империја востаниците успеле да ја одржат повеќе од три месеци, да се формира (именува) плоштад на подрачјето на општина Крива Паланка.

**Член 2**

Плоштадот ќе се простира на слободната површина пред и зад зградата на општина Крива Паланка, на парцелата на која се наоѓала/а кривопаланечката тврдина, првиот ослободен бастион за време на Карпошовото востание.

**Член 3**

Плоштадот ќе го носи името: **плоштад Карпошово востание.**

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во Службен Гласник на општина Крива Паланка.

**Бр.07 – 3616/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За формирање (именување) на плоштад Карпошово востание**

1. Се прогласува Одлуката за формирање (именување) на плоштад Карпошово востание, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.09.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/32** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја („Службен веник на РМ“ бр. 66/04) и член 14 од Статутот на општина Крива Паланка („Службен гласник на општина Крива Паланка“ бр.07/06) Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
## за подигање на спомен обележје на македонскиот ајдутски војвода Карпош

### Член 1

Заради одбележување на ликот и делото на македонскиот ајдутски војводата Карпош, еден од првите хери на македонската револуција во времето на Отоманската империја, и во чест на востанието предводено од Карпош и првата ослободена територија која што во највисокиот подем и моќ на Отоманската империја востаниците успеле да ја одржат повеќе од три месеци, да се подигне обележје на подрачјето на општина Крива Паланка.

### Член 2

1) Спомен – обележјето ќе биде уметничко архитектонско дело според опис и содржина што ќе ги определи Одборот за подигање на спомен – обележјето.

2) Спомен обележјето ќе се постави на просторот на јавната површина пред зградата на општина Крива Паланка на ул. Свети Јоаким Осоговски бр.175.

### Член 3

1)Реализацијата на процедурата за поставување на спомен – обележјето како и управувањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен обележјето ќе се вршат од средствата на Буџетот на општина Крива Паланка.

2) За реализацијата на спомен – обележјето во траен материјал со монументална големина општина ќе бара финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

3) Работите на управувањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен обележјето до определување на посебно / друго правно лице, ќе ги вршат соодветните служби на општинската администрација.

### Член 4

За спроведување на постапката за подигање на спомен обележјето се именува Одбор за подигање на спомен обележје на Карпош војвода во состав:

***Претседател:***

1. Арсенчо Алексовски – градоначалник на општина Крива Паланка

***Членови:***

1. Миле Милковски- од Крива Паланка, претседател на Советот на општина Крива Паланка
2. Александар Рангелов – од Крива Паланка, директор на Н.У Центар за Култура – Крива Паланка.
3. Димитар Стојчевски – од Крива Паланка, *Академски сликар*
4. Роберт Цветковски – од Крива Паланка, *Академски сликар*
5. Цоне Крстевски- од Скопје, *археолог Кустос – советник.*
6. Драган Величковски – од Крива Паланка, *дипл. Етнолог*
7. Стевче Ристовски – од Крива Паланка, *дипл. инж. архитект*

8. Оливер Алексовски – од Крива Паланк, *пратеник во Собранието на РМ.*
9. Иван Велиновски од Крива Паланка, *дипл.инж.архитект*

**Член 5**

1. Одборот ги има за задача да ги изврши следните работи:

- да распише јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен обележјето;
- да ги разгледа општите прашања и да предлага мерки и активности во врска со подигањето на спомен обележјето;
- да го следи извршувањето на оваа одлука и за тоа да достави извештај до Советот на општина Крива Паланка;
- да врши други работи кои произлегуваат од оваа одлука и другите законски прописи кои ја уредуваат неговата надлежност

2. Одборот со мнозинство гласови го избира идејниот проект за спомен обележјето и за тоа го информира Советот на општина Крива Паланка.

**Член 6**

Стручните и административно – техничките работи за Одборот ќе ги вршат соодветните служби на Општинската администрација..

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во Службен Гласник на општина Крива Паланка.

**Бр.07 – 3616/33** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за подигање на спомен обележје на македонскиот ајдутски војвода Карпош**

1. Се прогласува Одлуката за подигање на спомен обележје на македонскиот ајдутски војвода Карпош, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.09.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 3616/34
29.09.2010 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.

---

Врз основа на член 36, став1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Буџетот на ЕЛС Крива Паланка за 2010 година**

**1 Општ дел**

**Член 1**

Во Буџетот на Единицата на локална самоуправа Крива Паланка за 2010 година се вршат следните измени:

| | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи и тоа:** | **291.560.808** | **245.576.521** |
| - даночни приходи | 54.610.000 | 31.515.000 |
| - неданочни приходи | 5.730.000 | 6.853.676 |
| - капитални приходи | 3.585.286 | 3.380.000 |
| - приходи од дотации | 132.349.000 | 136.197.144 |
| - трансфери | 91.738.000 | 63.490.066 |
| - приходи од донации | 3.548.522 | 4.140.635 |
| **II. Вкупни расходи и тоа:** | **291.560.808** | **259.327.068** |
| - утврдени намени | 290.960.808 | 258.727.068 |
| - резерви | 600.000 | 600.000 |
| **III. Д е ф и ц и т** | **0** | **13.750.547** |
| - Домашни приливи | 0 | 10.000.000 |
| - Приливи од странски заем | 0 | 0 |
| - Депозит | 0 | 3.750.547 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Крива Паланка“.

Бр.07- 3616/35
27.09.2010 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на ЕЛС на Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/36** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004 и 96/2004, 97/07 и 156/09), и член 14 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
**За изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2010 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка бр. 07-4457/1 од 24.12.2009година и бр.07-1244/5 од 16.04.2010 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14/09, бр.07-1944/7 од 17.05.2010 година), се вршат следните измени:

**Измени и дополнувања во член 11**

Во член 11 ставот 1 се брише, а се заменува со нов став кои станува став 1 и гласи:

Надоместокот за дневници за службено патување во странство се намалуваат за 30% од пропишаните.

Ставовите 2, 3 и 4 се бришат.

Ставот 5 станува став 2.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07-3616/37** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за изменување и дополнувањање на Одлуката за извршувањена Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/38** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22 точка 1 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08) и член 15-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.91/09) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2010 година, донесе

О Д Л У К А

**За дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланка за 2010 година**

Член 1.

Се дополнува Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланка за 2010 година бр.07-4457/7 од 24.12.2009 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка и тоа:

-По точка Б по алинеја 13 од Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланка за 2010 година се додава точка Б1 која гласи:

- Изработка на измени и дополнување на урбанистички план вон населено место во КО Кркља и КО Жидилово.

**Член 2.**

Финансиската вредност за работите предвидени со Програмата за изработка на урбанистички планови за 2010 година ќе се зголеми за 180.000,оо денари, а финансирањето ќе го врши физичко лице.

**Член 3.**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Бр.07-3616/39 — СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
27.09.2010 год. — Претседател,
Крива Паланка — Миле Милковски,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Криа Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Одлуката за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска доклументација за Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 3616/40 — ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
27.09.2010 год. — Градоначалник,
Крива Паланка — Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.

---

Врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр.24/08), член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.91/09) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.350 во КО Крива Паланка

### Член 1

Се утврдува потреба од изработување на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.350 во КО Крива Паланка.

### Член 2

Границата на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде во рамките на границата на катастарската парцела бр.350 во КО Крива Паланка.

### Член 3

Содржината на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде „изградба на гаражи во дворно место“.

### Член 4

Просторот на опфат на локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п. бр.350 е опфат на границите на урбанистичката парцела.

### Член 5

Локалната урбанистичка планска документација за градежната парцела составена од к.п.бр.350 содржи:

-планиран развој-текстуален дел и графички приказ;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

### Член 6

Локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.350 се заверува со потпис и печат на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

### Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07 – 3616/41**
**27.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација на КП.бр.350 на КО Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација на КП.350 на КО Крива Паланка, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/42** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр.24/08), член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.91/09) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.302 во КО Крива Паланка**

### Член 1

Се утврдува потреба од изработување на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.302 во КО Крива Паланка.

### Член 2

Границата на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде во рамките на границата на катастарската парцела бр.302 во КО Крива Паланка.

**Член 3**

Содржината на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде „изградба на спортска сала“.

**Член 4**

Просторот на опфат на локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п. бр.302 е опфат на границите на урбанистичката парцела.

**Член 5**

Локалната урбанистичка планска документација за градежната парцела составена од к.п.бр.302 содржи:

-планиран развој-текстуален дел и графички приказ;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 6**

Локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.302 се заверува со потпис и печат на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07 – 3616/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација на градежна парцела сотавена од КП.бр.302 на КО Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација на градежна парцела составена од КП.302 на КО Крива Паланка, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/44** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), а во согласност со Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А

**За усвојување на Елаборатот од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка**

1. Се усвојува Елаборатот од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди на локалитетите: село Мождивњак, село Длабочица, село Тлминци и село Конопница во Општина Крива Паланка.

2. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 07 – 3616/45 | СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**27.09.2010 год.** | **Претседател,**
**Крива Палнака** | **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за усвојување на Елаборатот од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлука за усвојување на Елаборатот од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 3616/46 | ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**29.09.2010 год.** | **Градоначалник,**
**Крива Паланка** | **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 3, став 1, точка 4 и член 6 и 10 од Законот за донации и за спонзорство во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06) и член 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04), член 14, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06“), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За примање на донација

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација на противпожарно возило целосно опремено со противпожарна опрема марка Scania model T112H 6X2 46, 1987, со број на шасија TH6X2Z01118200.

**Член 2**

Средствата за транспорт на противпожарно возило од Упсала – Кралство Шведска до Општина Крива Паланка Република Македонија во висина 2.000,00 Евра ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година.

**Член 3**

За приемот на противпожарното возило ќе се склучи Договорот помеѓу донаторот Противпожарна Бригада од Упсала -Шведска и Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07 –3616/47**
**27.09.2010 год,**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за примање на донација

1. Се прогласува Одлуката за примање на донација, што Советот ја донесе на 16-та седница одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/48**
**29.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22.ст1 т.4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 г.) и член 14 точка 12 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Крива Паланка бр.7/06“), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање приоритет на проект „Изградба и реконструкција на локални патни правци на подрачјето на Општина Крива Паланка”

### Член 1

Со оваа Одлука се дава приоритет на проект„ Изградба и реконструкција на локални патни правци на подрачјето на Општина Крива Паланка “.

### Член 2

1. Патен правец Крива Паланка –село Лозаново (м. Булутарци) во должина од 400м.
2. Патен правец Крива Паланка –село Мартиница (м.в.Костадиница) во должина од 500м.
3. Патен правец Крива Паланка – село Мартиница (м.Гранџовци)во должина од 700м.
4. Патен правец Крива Паланка – село Дрење во должина од 500м.
5. Патен правец Крива Паланка –село Мартиница (Основно училиште) во должина од 800м.
6. Патен правец Крива Паланка- село Конопница (м.Стамболици, м.Даловодци-Кула-Црква) во должина од 2260м.
7. Патен правец Крива Паланка –село Градец(н.Мизовски ливади) во должина од 2000м.
8. Патен правец Крива Паланка-спој со локален пат село Конопница (населба Грамаѓе ) во должина од 420м
9. Патен правец Крива Паланка –село Мартиница (преку н.Единство) во должина од 600м.
10. Патен правец Крива Паланка-село Лозаново(м.Горно Лозаново) во должина од 500м

11. Патен правец Крива Паланка-село Градец (Бучкина Мала) во должина од 500м.
12. Патен правец Крива Паланка-село Градец (мала Колитарска, Камењачка,Наставинска и долно Основно училиште) во должина од 500м
13. Патен правец М-2 село Жидилово –Славев Врв во должина од 1500м
14. Патен правец Крива Паланка-село Лозаново во должина од 1500м
15. Патен правец Крива Паланка –село Конопница –село Борово-село Мождивњак во должина од 2000м
16. Патен правец Крива Паланка-село Конопница(м.Мечковци)во должина од 780м
17. Патен правец Крива Паланка- село Дурачка Река (м.Којдунци) во должина од 500м.
18. Патен правец Крива Паланка-село Кошари во должина од 1200м.
19. Патен правец Крива Паланка-село Мартиница (Калакасова Мала) во должина од 1000м.
20. Патен правец Крива Паланка-село Мартиница преку м.в.Скрљавски Дол во должина од 600м.
21. Патен правец Крива Паланка-село Лозаново (населба Бегови Бавчи)во должина од 500м.
22. Патен правец Крива Паланка –сопј М-2 –село Длабочица – село Баштево во должина од 2625 м.
23. Патен правец Крива Паланка – Дивјанци село Градец во должина од 3 км.
24. Патен правец Крива Паланка с.Мартиница – преку Скрљавски дол во должина од 1400 м.
25. Патен правец спој М-2 Крстата падина село Градец во должина од 1 км.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07 – 3616/49** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлука за давање приоритет на проект „Изградба и реконструкција на локални патни правци на подрачјето на Општина Крива Паланка”

1. Се прогласува Одлука за давање приоритет на проект „Изградба и реконструкција на локални патни правци на подрачјето на Општина Крива Паланка”, што Советот ја донесе на 20-та седница одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/50** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.09.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22, став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 г.) и член 14 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Крива Паланка “бр.7/06), а во врска со објавениот повик за доставување пријави за грантови од страна на УНДП, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 27.09.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
### за давање согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „ Меѓуопштинска соработка за унапредување на животната средина “

**Член 1**

Советот на Општина Крива Паланка дава согласност Општина Крива Паланка како водечки партнер заедно со Општина Ранковце како партнер да учествува во изработка и аплицирање на проектот **„Меѓуопштинска соработка за унапредување на животната средина“**, кој проект е дел од Програмата „Меѓуопштинска соработка за подобра испорака на услуги и пристап кон ЕУ“, грант шема „ Техничка помош за иновации“(ТПИ) .

**Член 2**

Висината на грантот за реализација на проектот изнесува до 694.740,00 денари кои ќе се обезбедат од УНДП ,со кофинансирање од страна на општините од 27,5% од вкупните проектни трошоци, во готово и во добра и услуги.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07 – 3616/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка

(„Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за давање согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „ Меѓуопштинска соработка за унапредување на животната средина “**

1. Се прогласува Одлука за давање согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Меѓуопштинска соработка за унапредување на животната средина“, што Советот ја донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08–3616/ 52 ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
29.09..2010 год. **Градоначалник,**
Крива Паланка **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

**Врз основа на член 415 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“ 54/07), како и чл.4 од Одлуката на Советот на Општина Крива Паланка, број 07 - 1944/21 од 17.05.2010 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.5/2010) , Советот на Општина Крива Паланка на седницата на 27.09.2010 година, донесе**

# Д Е Л О В Н И К
## За работа на Општински совет за безбедност на Сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка

### И . ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник поблиску се определуваат: начинот на работа на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Крива Паланка ( во понатамошниот текст:ОСБСП), правата и должностите на членовите на ОСБСП, работата на органите на ОСБСП, работата на работните тела-комисиите што ги формира ОСБСП, актите што ги донесува ОСБСП, соработката со другите органи и организации, особено на локално ниво, а се регулираат и други прашања од значење за работата на ОСБСП.

**Член 2**

ОСБСП ги врши своите работи и задачи врз основа на Законот, Одлуката за негово формирање, Деловникот, како и врз основа на други акти што ги донесува ОСБСП.

ОСБСП е посебно правно лице со сопствена жиро сметка и даночен број.

**Член 3**

За остварувањето на своите работи и задачи, ОСБСП утврдува годишна програма за работа. При донесувањето на програмата ОСБСП ги има во предвид доставените мислења и предлози од заинтересираните органи и организации, со кои остварува соработка и координација во работата, а особено насоките што ги дава Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Врз основа на годишната програма за работа на ОСБСП може да донесе планови за работа (едномесечни, тримесечни, полугодишни и сл.).Програмата и плановите за работа на ОСБСП се задолжителни за неговите органи и работни тела.

**Член 4**

Работата на ОСБСП и неговите работни тела е јавна.

**Член 5**

ОСБСП го претставува Претседателот на ОСБСП.

**Член 6**

ОСБСП има свој печат и штембил.

Печатот има тркалезна форма.

Во средината на печатот е грбот на Република Македонија, а околу него и натписот Република Македонија Општина Крива Паланка, Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Крива Паланка.

## ИИ.ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОСБС П

**Член 7**

Членовите на ОСБСП, освен правата И должностите утврдени со закон, ги имаат правата и должностите утврдени со овој деловник.

**Член 8**

Членовите на ОСБСП имаат право И должност да присуствуваат на седниците на ОСБСП и неговите работни тела чии членови се, и да учествуваат во работата и во одлучувањето.

Секој член има право да бара известување И објаснување како и да поставува прашања за определени работи што се во делокруг на ОСБСП.

Прашањата можат да бидат поставени во усна или писмена форма.

Одговорот на поставеното прашање може да се даде на истата или на наредната
седница на ОСБСП.

Доколку членот на ОСБСП не е задоволен со дадениот одговор, може да предложи по истото прашање да се отвори претрес на истата или на наредната седница на ОСБСП.

**Член 9**

Членовите на ОСБСП имаат право да покренуваат иницијатива за разгледување на одделни прашања на седницата на ОСБСП и да предлагаат внесување на одделни прашања во дневниот ред на седница.

**Член 10**

За присуството на членовите на седницата на ОСБСП, како и на седницата на работните тела се води евиденција.

Евиденцијата од став еден на овој член ја води Секретарот на ОСБСП.

Членот на ОСБСП кој е спречен да присуствува на седницата, должен е навремено да го извести Претседателот или Секретарот на ОСБСП.

**Член 11**

Членовите на ОСБСП имаат право на надоместок за патни и дневни трошоци, за време на одржување на седниците на ОСБСП и на работните тела независно од времетраењето на седниците, потоа за други ангажмани за потребите на ОСБСП, како и заради нормално функционирање и организирање на работата на ОСБСП покривање на материјалните трошоци согласно закон.

Висината на патните и дневните трошоци (дневница), во со закон утврдени рамки, се определува со посебна одлука на ОСБСП.

**Член 12**

Членот на ОСБСП може да биде разрешен пред истекот на мандатот.

На членот на ОСБСП му престанува мандатот ако поднесе оставка или во случај на смрт.

Членот на ОСБСП може да биде разрешен пред завршување на мандатот во следните случаи:

- поради боледување подолго од една година заради кое не може да ја извршува функцијата,
- кога е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење најмалку шест месеци, и
- заради неоправдано отсуство од седниците на ОСБСП подолго од шест месеци.

Предлог за разрешување на членот на ОСБСП, се доставува до Советот на Општината, а за истото се известува Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**ИИИ.ОРГАНИ НА ОСБСП**

**1. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСБСП**

**Член 13**

При донесувањето на Одлуката за именување на членови на ОСБСП во истата
посебно се наведува кој ќе ја врши функцијата Претседател на ОСБСП.

Претседателот на ОСБСП раководи до работата на ОСБСП, го претставува ОСБСП, свикува седници на ОСБСП и претседава на нив, ги потпишува одлуките и другите акти што ги донесува ОСБСП и се грижи за нивното спроведување, се грижи за примената на овој Деловник, се грижи за остварувањето на соработката со органите и организациите кои дејствуваат превентивно во сообраќајот на патиштата, ја усогласува работата на ОСБСП и на работните тела, се грижи за извршувањето на програмата за работа на ОСБСП, и врши други работи во согласност со закон.

**2.СЕКРЕТАР НА ОСБСП**

**Член 14**

При донесувањето на Одлуката за именување на членови на ОСБСП во истата
посебно се наведува кој ќе ја врши функцијата Секретар на ОСБСП.

Поради карактерот на работите и организационата поставеност пожелно е Секретарот на ОСБСП да биде вработен во Министерството за внатрешни работи и истиот да има исклучителни познавања од областа на сообраќајот и правото.

**Член 15**

Секретарот ги врши работите на ОСБСП утврдени со овој деловник, како и други работи што ќе му ги довери Претседателот на ОСБСП и ОСБСП.

**Член 16**

Секретарот на ОСБСП се грижи за реализација на програмата за работа на ОСБСП и работните тела на ОСБСП, остварувањето на соработка со заинтересирани органи и организации, особено со останатите Совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, се грижи за подготвувањето на материјалите за седниците на ОСБСП, за обезбедувањето и доставувањето на материјалите потребни за работа на ОСБСП и неговите работни тела, му помага на Претседателот во подготвувањето и организирањето на седниците на ОСБСП, се грижи за доставување на одлуките и другите акти на ОСБСП до заинтересираните органи и организации, особено до Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, се грижи за обезбедувањето услови за работа на ОСБСП и работните тела на ОСБСП, и го запознава ОСБСП со законите и другите прописи важни за работата на ОСБСП.

## ИВ.РАБОТНИ ТЕЛА НА ОСБСП

**Член 17**

Заради поефикасно и порационално работење на ОСБСП при реализирањето на

своите програмски задачи, како и за разгледување и разрешување на конкретни прашања и проблеми кои се во делокругот на работата на ОСБСП, ОСБСП со посебна

одлука формира постојани работни телакомисии( во натамошниот текст:комисии) во чии состав покрај членови на ОСБСП може да кооптираат надворешни лица кои се истакнати стручњаци, кои имаат познавање и работат на прашањата поврзани со безбедноста во сообраќајот.

За извршување на еднократни работи на ОСБСП, ОСБСП може да формира повремени работни групи, кои функционираат до завршувањето на конкретната работа.

Постојани комисии на ОСБСП се:

- Комисија за унапредување на сообраќајното воспитание и образование во училиштата и
- спроведување на сообраќајно воспитни манифестации и акции;
- Комисија за сообраќајно-техничко уредување на сообраќајот;
- Комисија за финансиски работи;
- Комисија за информирање и маркетинг.

**Член 18**

Комисиите ги следат и разгледуваат прашањата од областа за која се основани, иницираат разгледување на одделни прашања од доменот на ОСБСП и по нив му даваат на ОСБСП свои мислења, предлози, заклучоци и предлагаат донесување на одлуки.

**Член 19**

Секоја комисија има претседател и минимум два члена.

Со одлука за формирање на комисијата конкретно се определува составот и делокругот за работа.

**Член 20**

Комисиите на ОСБСП работат на седници. За седниците на комисиите се известуваат Претседателот и Секретарот на ОСБСП.

**Член 21**

Претседателот на комисијата ја организира работата на комисијата.

На седницата на комисијата се воид записник.

Записникот го воид Секретарот на ОСБСП, а го потпишува претседателот на комисијата.

**Член 22**

Комисиите разгледуваат прашања од својот делокруг по сопствена иницијатива, а се должни да го разгледуваат секое прашање од својот делокруг чие разгледување Ќе го побара Претседателот на ОСБСП или ОСБСП.

**Член 23**

Комисиите соработуваат мегусебно.

Заедничка седница на две или повеќе комисии се свикуваат договорно со претседателите на комисиите, или по барање на Претседателот на ОСБСП или ОСБСП.

## В.НАЧИН НА РАБОТА НА ОСБСП

**Член 24**

ОСБСП работи и одлучува на седници по прашања од својот делокруг на работа. Претседателот, Секретарот, членовите на ОСБСП, како и другите присутни на седниците, се должни да ги чуваат податоците што се одредени како државна, службена, воена или деловна тајна.

**Член 25**

Седницата на ОСБСП ја свикува Претседателот на ОСБСП по своја иницијатива
или по барање на ОСБСП.

ОСБСП Ќе свика седница и тогаш кога Ќе го побара некоја од комисиите на ОСБСП или ако тоа го бараат најмалку повеЌе од половината членови на ОСБСП.

**Член 26**

Поканата за седница на ОСБСП, со предлог на дневниот ред и со потребните материјали им се доставуваат на членовите на ОСБСП најдоцна три дена пред денот определен за одржување на седницата.

Претседателот на ОСБСП може во итни случаеви да свика седница на ОСБСП и во рок пократок од три дена.

Во случаите од став 2 на овој член, предлогот на дневниот ред може да се поднесе и на самата седница.

**Член 27**

Предлогот за дневниот ред за седницата на ОСБСП го поднесува Претседателот на ОСБСП.

Претседателот на ОСБСП во предлогот на дневниот ред ги внесува прашањата што ги предложиле одделни членови на ОСБСП и комисиите на ОСБСП.

**Член 28**

Предлогот на дневниот ред за седницата на ОСБСП Претседателот може да го достави и до други органи и организации кои дејствуваат превентивно во сообраќајот на патиштата како и до организациите од областа на јавното информирање, заради заедничка соработка и координација односно известување

на јавноста за мерките за унапредување на сообраЌајната превентиве што ги предлага ОСБСП.

Поканетите претставници кои не се членови на ОСБСП, од заинтересираните органи и организации, можат да учествуваат во работата на седницата на ОСБСП, но без право на одлучување.

**Член 29**

Дневниот ред на седницата на ОСБСП се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 30**

Секој член може, на седницата на ОСБСП, да предложи одделно прашање да се внесе, односно да се брише од дневниот ред. Во тој случај се изнесуваат и причините за
дополнување, односно за симнување од дневниот ред на соодветното прашање.

По горе наведениот предлог за дополнување, односно за бришење на определена точка од дневниот ред одлучува ОСБСП со гласање.

**Член 31**

Пред да ја отвори седницата на ОСБСП, Претседателот на седницата го утврдува бројот на присутните членови на ОСБСП. Од кога Ќе констатира дека се присутни мнозинството од вкупниот број на членови на ОСБСП, Ќе ја отвори седницата и ќе го предложи дневниот ред за утврдување.

Пред утврдувањето на дневниот ред, се усвојува записникот од претходната седница.

По утврдувањето на дневниот ред, преминува кон разгледување на одделни прашања од усвоениот дневен ред.

По завршното разгледување на одделни прашања, Претседателот на ОСБСП го
предлага текстот на предлог на заклучокот или одлуката за усвојување.

**Член 32**

ОСБСП решава полноважно по прашањата од својот делокруг на седницата на која присуствуваат мнозинството од вкупниот број на неговите членови.

По исклучок, во итни случаи ОСБСП може да решава по прашања од својот делокруг и без одржување на седница свикана според потребите на член 26 од овој деловник.

Во случаите од став 2 на овој член, Претседателот ќе изврши консултирање со мнозинството членови на ОСБСП и врз основа на нивната согласност Ќе го утврди ставот или мислењето на ОСБСП по односното прашање.

За одлуките на ОСБСП донесени на начинот пропишан во став 2 и 3 од овој член, се составува записник, кој се поднесува на усвојување на првата наредна седница на ОСБСП.

**Член 33**

Ако прашањето што е разгледано на седницата на ОСБСП, не бара донесување на одлука, односно утврдување на предлог, став и мислење, насоки или заклучок, се преминува на следната точка на дневниот ред.

**Член 34**

За работата на седницата на ОСБСП се води записник. Записникот содржи: време на почнување и завршување на седницата, дневен ред на седницата, бројот на присутните и отсутните членови и имињата на поканетите други лица да присуствуваат на седницата, предлозите изнесени на седницата од секој присутен

кој зел учество во дискусијата, усвоените одлуки, заклучоци, насоки, ставови и мислења по одделни прашања.

Во записникот се внесува и резултатот од гласањето по прашањата за кои одлучувал ОСБСП.

Секој член на ОСБСП кој на седницата го издвоил своето мислење по одделно прашање може да бара неговиот став да се внесе во записникот.

Записникот го потпишува Секретарот на Советот или изготвувачот на записникот.

**Член 35**

Секој член на ОСБСП има право да учествува во дискусијата по секоја точка од
дневниот ред на седницата.

Ако некој член на ОСБСП или друго присутно лице на седницата во дискусијата се оддалечи од прашањето што е предмет на разгледување или го пречекори вообичаеното време за дискусија, Претседателот на ОСБСП ќе го опомене, а по потреба и ќе ја прекине дискусијата.

**Член 36**

ОСБСП работи со усогласување на ставовите на своите членови, а донесува одлука со мнозинството гласови на присутните членови, ако со овој Деловник не е поинаку определено.

**Член 37**

Членовите на ОСБСП гласаат на седницата на ОСБСП за одделни прашања така што се изјаснуваат <**за**> или <**против**> предлогот, или се <**воздржуваат**> од гласањето.

**Член 38**

Гласањето на седницата на ОСБСП е јавно.

Резултатот од гласањето го утврдува и објавува Претседателот.

## ВИ.АКТИ НА ОСБСП

**Член 39**

Во вршењето на своите права и должности утврдени со закон, одлуката за формирањето на ОСБСП и на овој Деловник, ОСБСП донесува одлуки, упатства, заклучоци, утврдува насоки, предлози, ставови и мислења.

**Член 40**

Актите на ОСБСП ги потпишува Претседателот на ОСБСП. На актите на ОСБСП се заведуваат во соодветните деловодни книги и на истите се става печат.

Оригиналите од актите на ОСБСП се чуваат во архивата на ОСБСП за чие уредно водење се грижи Секретарот на ОСБСП.

## ВИИ.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

по Овој Деловник влегува во сила од денот на неговото донесување.

**Член 42**

Измени и дополнувања на овој Деловник за работа се врши на начин и процедура која што е донесен.

Бр. 07 – 3616/53 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
27.09.2010 год. Претседател,
Крива Палнака Миле Милковски,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Деловник за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќај на патиштата во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Деловникот за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќај на патиштата во Општина Крива Паланка, што Советот го донесе на 20-та седница одржана на 27.09.2010 година.

2. Деловникот да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/54**
**29.09.2010 год.**
**Крива Паланка**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски**

---

Врз основа на член 82 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 86 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Сл.гласник на Општина Крива Паланка” бр.07/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2010 година, донесе

## ОДЛУКА

**за определување на опфатот на урбани заедници во градот и месните заедници во населените места**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат границите на урбаните заедници во општина Крива Паланка и месните заедници во населените места во оштина Крива Паланка.

**Член 2**

Урбани заедници во градот се вкупно 14, а месни заедници што постојат во населените места се 33.

**Член 3**

Опфат на урбаните заедници во градот:

**1. Урбана заедница - Осичка Маала,** границата започнува од тромеѓето помеѓу КО Крива Паланка , КО Варовиштеи КО Дрење оди кон север по границата со КО Дрење свртува на запад и доѓа до долот Домачки Дол поминува преку долот оди на југ и доаѓа до тромеѓето помеѓу КО Крива Паланка, КО Дрење и КО Лозаново продолжува на југ по границата со КО Лозаново доаѓа до местото викано “Пржор“ продолжува на југ низводно по долот доаѓа до ул. Моша Пијаде која се наоѓа на

локалитетот во долот и продолжува на југ , доѓа до магистраланата улица (Куманово – Крива Паланка –граничен премин, свртува на исток и оди по улицата до мостот на Крива Река кај мотелот Македонија , свртува на север и покрај Крива Река доѓа до појдовната точка односно тромеѓето помеѓу КО Крива Паланка, КО Варовиште и КО Дрење.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница “Осичка Маала“ се следните: Партизанска, 8-ми Септември и дел од Моша Пијаде

**2. Урбана заедница – Спротивска маала,** границата започнува од вливот на долот кај ул. „Моша Пијаде“ во Крива Река оди кон северозапад узводно по долот доаѓа до границата со КО Лозаново, свртува на запад и оди по границата со КО Лозаново и доаѓа до „Бојанов дол“, свртува низводно по долог и доаѓа до патот во „Баглак 3“ оди по патот и доаѓа до ул. „Македонска“ оди на југ по ул. „Македонскла“ и доаѓа до ул. „Ратко Минев“ свртува на исток по истата улица и доаѓа до магистралната улица каде свртува на север оди покрај магистралната улилца и доаѓа до подовната точка до долот на ул. „Моша Пјаде“.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница “Спротивска Маала“ се следните Дел од ул. Моша Пијаде , дел од ул. Македонска , дел од ул. Ратко Миневи дел од ул. Херој Карпош

**3 Урбана заедница – „8-ми Октомври“** границата започнува од тромеѓето помешуКО Крива Паланка, КО Варовиште и КО Кошари оди кон југоисток по границата зо КО Кошари доаѓа до границата со КО Дурачка Река свртува кон југ и оди по границата со КО Дурачка река и повторно доаѓа до границата со КО Кошари оди кон запад по истата и доаѓа до вадата кај Маневски мост продолжува по вадата и поминува кај „Стара централа“ и доаѓа до КО бр. 2359 свртува кон север и доаѓа до реката „Дурачка Река“ свртува кон запад оди низводно низ реката и доаѓа до мостот кај градежната парцела на Јовевски Стојко, поминува преку пешачкиот мост и покрај парцелата на Стојко излегува на ул.„8-ми Октомври“ поминува преку истата и доаѓа до скалите на кракот со ул. „8-ми Октомври“ поминува по скалите оди по кракот на ул.„8-ми Октомври“ и доаѓа до ул. „Калин Камен“. Од ул. „Калин Камен“ врти кон север и по истата улица доаѓа до ул. „Св. Јоаким Осоговски“ поранешна магистрална улица М2 оди кон исток по истата и доаѓа до појдовната точка до тромеѓето.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница “8-ми Октомври“ ул. 8-ми Октомври и ул. Калин Камен.

**4. Урбана заедница – Центар** границата започнува од „Осички мост“ оди кон исток по ул.„Св.Јоаким Осоговски“ и доаѓа до приклучокот со ул. „Калин Камен“ свртува на исток оди по ул.„Калин Камен“ и доаѓа до кракот на ул.„8-ми Октомври“ свртува кон југозапад одни по кракот на ул.„8-ми Октомври“ и доаѓа по скалите до ул.„8-ми Октомври“ преминува преку истите доаѓа од парцелата на Јовевски Стојко оди по границата и доаѓа до пешачкиот мост на Дурачка река поминува преку мостот и оди узводно покрај Дурачка Река до КП.бр.2361 свртува кон југ оди покрај КП 2359 и доаѓа до вадата која поаѓа од „Маневски мост“ свртува кон југозапад оди по вадата и доаѓа до ул. „11-ти Октомври“ свртува кон север оди по ул.„11-ти Октомври“ и доаѓа до мостот на Дурачка река (до Домот на култура) по течението на Дурачка река и свртува кон југозапад и оди во Крива река свртува кон север оди узводно по Крива река и доаѓа до почетната точка до „Осички мост“.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница “Центар“ дел од ул. Св. Јоаким Осоговски , ул. Илинденска, ул. Никола Тесла, дел од ул. 8-ми Октомврии дел од ул. 11-ти Октомври

**5. Урбана заедница – Чука** границата започнува од „Соларски мост“ на Дурачка река оди узводно по Дурачка река и доаѓа до мостот кај Домот на културата, преку мостот свртува кон југ оди по ул.„11-ти Октомври“ и доаѓа до вадата од Манески мост преминува преку вадата и продолжува узводно по долот до границата со КО Дурачка река, сртува кон југозапад и оди по границата со КО Дурачка река и доаѓа до суводолина изнад црквата Св.Димитрија свратува кон север оди низводно по суводолината и доаѓа до водата на Маневски мост продолжува по водата и доаѓа до Кракот на ул.„11-ти Октомври“ продолжува по истата улица и доаѓа до „Соларски мост“ до појдовната точка.

Улица која припаѓа на оваа урбана заедница е ул.„11-ти Октомври“.

**6. Урбана заедница – Црквена маала** границата започнува од вливот на Дурачка Рекаа во Крива река оди узводно по Дурачка река доаѓа до „Соларски мост“ преминува и доаѓа до ул.„11-ти Октомври“ (до кафеана „Донко“ продолжува по улицата кон југоисток и доаѓа до вадата од Маневци продолжува по нејзе и доаѓа до вливот на суводолина над црквата Св.Димитрија во ваата продолжува по суводолината и доаѓа до границата со КО Дурачка река сртува кон југозапад и оди по границата со КО Дурачка река и доаѓа до долот „Нимулија“ свртува кон северозапад оди низводно по долот „Нимулија“ и доаѓа до вливот на долот на Крива река, свртува на север и оди по коритото на Крива река и доаѓа до почетната точка до влиот на Дурачка река во Криа река.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница се: дел од ул.„Св. Јоаким Осоговски“, ул. „Борис Трајковски“ Ул.„Јане Сандански“ и ул.„Прохор Пчински“.

**7. Урбана заедница – Грнчарска маала** границата започнува од вливот на долот „Нимулија“ во Крива Река оди кон југоисток по долот и доаѓа до границата со КО Дурачка река свртува кон запад оди по границата со КО Дурачка река доаѓа до локалниот пат кај „Ловечки дом“ свртува кон северозапад оди по локалниот пат и доаѓа до „Ловачки дом“ поминува преклу улицата „Пиринска“ оди покрај границата со населба „Единство“ доаѓа до долот „Единство“ свртува кон север оди низводно по долот и доаѓа до вливот во Крива Река свртува кон североисток оди по Крива река и доаѓа до почетната точка до вливот на „Нимулија“ во Крива река.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Грнчарска маала се следните дел од ул. Јане Сандански, дел од ул. Прохор Пчински, ул. Јане Јакимовски, ул.Орце Николов, дел од ул. Св. Јоаким Осоговски и дел од ул. Пиринска

**8. Урбана заедница – „Единство“** границата започнува од мостот на ул. „Св.Јоаким Осоговски“ на долот „Единство“ оди кон југоисток по границата на населбата доаѓа до ул.„Пиринска“ преминува преку истата кај „Ловачки дом“ и излегува на локалниот пат кај „Ловачки дом“ за село Мартиница оди по патот и доаѓа до тромеѓето со КО „Дурачка река“ КО Мартиница и КО Крива Паланка свртува кон запад оди по границата со КО Мартиница и доаѓа до КП. бр. 4295/3 во КО Крива Паланка свртува кон северозапад оди покрај границата со КП. бр. 4295/3 и доаѓа до локалната улица „Единство“ продолжува по улицата и доаѓа до ул.„Пиринска“ свртува кон запад и доаѓа до ул.„Гоце Делчев“ свртува кон север оди по ул. „Гоце Делчев“ и доаѓа до границата на населба „Единство“ (ромски гробишта)

и продолжува по границата и доаѓа до почетната точка до мостот на долот „Единство“.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница **„**Единство“ се следните дел од ул. Пиринска, ул. Единство и дел од ул. Гоце Делчев

**9. Урбана заедница – Гоце Делчев** границата започнува од вливот на долот „Единство“ во Крива Река“ оди узводно по долот доаѓа до мостот продолжува на југ покрај границата на н.„Единство“ доаѓа до ул.„Гоце Делчев“ продолжува по улицата и доаѓа до ул.„Пиринска“. Од тука свртува кон југоисток оди по ул. „Пиринска“ и доаѓа до локалната ул.„Единство“ продолжува на југоисток по локалната ул. „Единство“ и доаѓа до КП.бр. 4295/3 продолжува по границата на истата и доаѓа до границата со КО Мартиница, свртува кон југозапад продолжува со границата со КО Мартиница и доаѓа до долот по кој е изградена ул.„Осоговска“ свртува кон север продолжува низводно по долот и доаѓа до вливот на долот во Крива река свртува кон исток продолжува до почетната точка до вливот на долот „Единство“ во Крива река.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Гоце Делчев се следните дел од ул. Св. Јоаким Осоговски, ул. Гоце Делчев, ул. Борис Арсов, ,ул. Крушевска, дел од ул. Пиринска и ул. Осоговска.

**10. Урбана заедница - „Илилнден„“** границата започнува од вливот на долот кај Житен магацин по кој е изградена ул.„Осоговска“ продолжува по долот кон југ и доаѓа до границата со КО Мартиница свртува кон запад продоложува со КО Мартиница и доаѓа до „Скрљавски дол“ свртува кон север продолжува низводно по долот и доаѓа до вливот на Скрљавски дол во Крива река свртува кон исток продолжува по Крива река и доаѓа до почетната точка вливот на долот кај Житен склад во Крива река.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Илинден се следните дел од ул. Св. Јоаким Осоговски, ул. 17-та Македонска Ударна Бригада, ул. 3-та Македонска Ударна Бригада, ул. Димитар Влахов, ул. 4-ти Јули, ул. Чупино Брдо, ул. Наско Тамбурков, ул. Вера Јоциќ, дел од ул. Климент Охридски и ул.Ѓорче Петров.

**11. Урбана заедница – Населба Скрљава, Цонев рид и Белево** границата започнува од вливот на скрљавски дол во Крива река продолжува кон југ узводно по долот доаѓа до границата со КО Мартиница свртува на запад продолжува по границата со КО Мартиница доаѓа до долот „Мини дол“ свртува кон север продолжува низводно по долот и доаѓа до вливот на „Мини дол“ во Крива река свртува кон исток продолжува узводно по Крива река и доаѓа до почетната точка до вливот на „Скрљавски дол“ во Крива река.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Населба Скрљава, Цонев рид и Белево се следните дел од ул.Климент Охридски, ул. Горан Стојановски, ул.Лисец, ул. Јоаким Крчовски, дел од ул. Кочо Рацин, ул. Коце Металец и дел од ул. Св. Јоаким Осоговски

**12. Урбана заедница – Населба Горно Грамаѓе** – границата започнува од вливот на „Мини дол“ во Крива река продолжува кон југ узводно по реката доаѓа до вливот на долот Грамаѓе во Крива Река свртвува по течението на долот кон југ оди низводно по течението на долот и доаѓа до границата со КО Конопница, свртува кон исток , оди по границата со КО Конопница и доаѓа до долот Мини дол свртува кон север оди низводно по долот и доаѓа до појдовната точка мини дол во Крива Река.

Улици кои припаѓаат на урбана заедница Населба Горно Грамаѓе се Индустриска, Вардарска, Пролетерска, дел од ул. Кочо Рацин и ул. Никола Карев.

**13. Урбана заедница – Населба Долно Грамаѓе** границата започнува од вливот на долот Грамаѓе во Крива Река продолжува кон југ узводно кон долот доаѓа до границата со КО Конопница, свртува кон запад продолжува по границата со КО Конопница и доаѓа до локалниот пат кај м.в „Штала, свртува кон север и оди кон приклучокот кај „Малиново лоизе“ со магистралниот пат М2 Куманово – Крива Палнака поминува преку патот и доаѓа до Крива река свртува кон мостот продолжува узводно по Крива река и доаѓа до почената точка до вливот на „долот Грамаѓе во Крива река.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Населба Долно Грамаѓе се следните дел од ул. Пролетерска, ул. Дупница , Вршачка, Млави и Банско.

**14. Урбана заедница – Населба Бегови бавчи** границата започнува од новиот мост на Крива Река и магистралниот пат М2 Куманово Крива Паланка – граничен премин Деве Баир и продолжува кон север по границата со КО Градец и доаѓа до трасата на железничката пруга свртува кон исток оди по трасата на железничката пруга и доаѓа до Куков Дол свртува кон југ оди низводно по долот доаѓа до вливот на Кувков Дол во Крива Река свртува кон запад , оди по течението на Крива Река и доаѓа до појдовната точка до новиот мост на КРива Река.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Населба Бегови бавчи се следните ул. Пере Тошев, ул. Глогор Прличев

**15. Урбана заедница – Населба Лозаново.** Границата започнува од тромеѓето помеѓу КО Крива Паланка КО Градец и КО Лозаново свртува кон североисток продолжува по границата со КО Лозаново и доаѓа до „Куков дол“ свртува кон југ продожува низводно низ Куков дол и доаѓа до трасата на железничката пруга свртува кон запад оди по трасата на железничката пруга и доѓа до појдовната точка.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Населба Лозаново се следните ул. Биљинска, ул. Лозановска и дел од ул. Ацо Шопов.

**16. Урбана заедница – Населба Трештен дол** границата започнува од пресекот на трасата на железничката пруга со долот Куков Дол продолжува кон северозапад узводно по долот и доаѓа до границата со КО Лозаново свртува кон североисток и продолжува со границата со КО Лозаново и доаѓа до Бојанов дол свртува кон југ и продолжува низводно по Бојанов дол доаѓа до трасата на железничката пруга свртува кон запад оди по трасата на железничката пруга и доаѓа до појдовната точка - Куков Дол.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Населба Трештен дол се следните дел од ул. Ратко Минев и дел од ул.Ацо Шопов.

**17. Урбана заедница – Населба Баглак** границата започнува од пресекот на трасата на железничката пруга со Бојанов Дол продолжува на север узводно по долот доаѓа до границата со КО Лозаново свртува кон југоисток и по локалниот пат доаѓа до ул.„Македонска“ продолжува по улицата „Македонска“ и доаѓа до ул.„Ратко Минев“ свртува кон запад оди по улицата Ратко Минев и доаѓа до Бојанов Дол свртува кон север оди узводно по долот и доаѓа до пресекот на Бојанов дол со железничката пруга односно појдовната точка.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Населба Баглак се следните дел од ул. Ратко Минев и ул. Македонска, ул.Димитар Арсов и ул.Баглачка .

**18. Урбана заедница –Долен Бавчалак** границата започнува од пресекот на трасата на железничката пруга со Куков Дол оди кон југ низводно по долот доаѓа до вливот на Куков дол во КРива Река свртува кон исток оди узводно по течението на Крива Река доаѓа до мостот на Крива Река свртува кон север доаѓа до улицата Ратко Минев свртува кон запад оди по улицата Ратко Минев и доаѓа до Бојанов дол од каде свртува кон север и оди узводно по долот и доаѓа до пресекот на долот со железничката пруга, свртува кон запад оди по трасата на железничката пруга и доаѓа до Куков Дол до почетната точка.

Улици кои припаѓаат на урбаната заедница Долен Бавчалак се следните дел од ул Херој Карпош, дел од ул. Ратко Минев.

**Член 4**

Опфат на месните заедници во населените места:

1. Месна заедница „**Б,с**” се границите на катастарската општина **Б,с**.
2. Месна заедница „ **Баштево**” се границите на катастарската општина Баштево.
3. Месна заедница „ **Борово**” со населеното место катастарската општина Борово
4. Месна заедница „ **Варовиште**” со населеното место Горно Караслари, се границите на катастарската општина Варовиште .
5. Месна заедница „ **Габар**” се границите на катастарската општина Габар.
6. Месна заедница „ **Голема Црцорија**” се границите на катастарската општина Голема Црцорија.
7. Месна заедница „ **Градец**” се границите на катастарската општина Градец.
8. Месна заедница „ **Длабочица**” се границите на катастарската општина Длабочица.
9. Месна заедница „ **Дренак**” се границите на катастарската општина Дренак.
10. Месна заедница „ **Дрење**” се границите на катастарската општина Дрење.
11. Месна заедница „ **Дубровница**” се границите на катастарската општина Дубровница.
12 .Месна заедница „ **Дурачка Река**” се границите на катастарската општина Дурачка Река.
13. Месна заедница „ **Жидилово**”, се границите на катастарските општини „ Жидилово,
14. Месна заедница „ **Киселица**” се границите на катастарската општина Киселица.
15. Месна заедница „ **Конопница**” се границите на катастарските општини Конопница и истата е поделена на два дела

**1. Месна заедница - КО Конопница 1** границата започнува од тромеѓето помеѓу КО Крива Паланка, КО Градец и КО Конопница продолжува кон југ по границата со КО Крива Паланка доаѓа до тромеѓето со КО Крива Паланка и КО Мартиница продолжува на југ по границата со КО Мартиница и доаѓа до тромеѓето помеѓу КО Мартиница, КО Конопница и КО Дурачка река свртува кон запад продолжува по границата со Дурачка река и доаѓа до реката „Селска река“ свртува кон север и продолжува низводно по Селска река и доаѓа до вливот на Селска река во Крива река кај маала Стамболиици, од тука свртува кон североисток оди узводно

по течението на Крива река и доаѓа до појдовната точка до тромеѓето помеѓу КО Крива Паланка, КО Конопница и КО Градец.

**2. Месна заедница - КО Конопница 2** границата започнува од вливот на Селска река во Крива река продолжува на југ узводно по селска река доаѓа до границата со КО Дурачка река свртува кон запад продолжува по границата со КО Дурачка река и доаѓа до тромеѓето помеѓу КО Дурачка река КО Дренак и КО Конопница продолжува на запад по границата со КО Дренак и доаѓа до тромеѓето на КО Конопница КО Дренак и КО Борово продолжува по границата со КО Борово и доаѓа до тромеѓето на КО Конопница КО Борово и КО Мождивњак продолжува по границата со КО Мождивњак и доаѓа до тромеѓето со КО Конопница КО Мождивњак и КО Тлминци свртува кон исток оди узводно по течението на Крива река по границата со КО Тлминици и доаѓа до тромеѓето на КО Конопница КО Тлминци и КО Градец продолжува узводно по Крива река по границата со КО Градец и доаѓа до појдовната точка до вливот на „Селска река“ во Крива река.

16. Месна заедница „**Костур**” се границите на катастарската општина Костур.
17. Месна заедница „**Кошари**” се границите на катастарската општина Кошари.
18. Месна заедница „**Кркља**” се границите на катастарската општина Кркља.
19. Месна заедница „**Крстов Дол**” се границите на катастарската општина Крстов Дол.
20. Месна заедница „**Лозаново**” се границите на катастарската општина Лозаново.
21. Месна заедница „**Луке**” се границите на катастарската општина Луке

22 Месна заедница „**Мала Црцорија**” се границите на катастарската општина Мала Црцорија

23 Месна заедница „**Мартиница**” се границите на катастарската општина Мартиница

24 Месна заедница „ **Метежево**” се границите на катастарската општина Метежево

25 Месна заедница „ **Мождивњак**” се границите на катастарската општина Мождивњак

26 Месна заедница „**Нерав**” се границите на катастарската општина Нерав

27 Месна заедница „ **Огут**” се границите на катастарската општина Огут

28 Месна заедница „**Осиче**” се границите на катастарската општина Осиче

29 Месна заедница „**Подржи Коњ**” се границите на катастарската општина Подржи Коњ

30 Месна заедница „**Трново**” се границите на катастарската општина Трново

31 Месна заедница „**Станци**” се границите на катастарската општина Станци

32 Месна заедница „**Тлминци**” се границите на катастарската општина Тлминци

33 Месна заедница „**Узем**” се границите на катастарската општина Узем.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

Бр.07 – 3616/55 | СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
27.09.2010 год. | Претседател,
Крива Паланка | Миле Милковски,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлуката за определување на опфатот на урбани заедници во градот и месните заедници во населените места**

1. Се прогласува Одлуката за определлување на опфатот на урбани заедници во градот и месните заедници во населените места, што Советот ја донесе на 20-та седница одржана на 27.09.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3616/56**
**29.09.2010год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 82 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 95 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник бр.07/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2010 година, донесе

## П Р А В И Л А
**За работа на облиците на месна самоуправа на Општина Крива Паланка**

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овие правила се уредува работата на облиците на месна самоуправа основани на подрачјето на општината Крива Паланка, начинот и постапката за предлагање, утврдување и избор на членовите на советите, работите во надлежност на облиците на месна самоуправа, организацијата, финансирањето, соработката меѓу облиците на месна самоуправа, комуникацијата со општината, информирањето на граѓаните во облиците на месна самоуправа, надзорот и други прашања од значење за работата на облиците на месна самоуправа.

**Член 2**

Граѓаните во општината Крива Паланка ги основаат облиците на месна самоуправа заради остварување на уставното право на месна самоуправа, како облик на изразување на нивниот заеднички интерес и заради давање придонес за решавање на нивните секојдневни потреби во непосредната околина на подрачје на

кое тие се основани и вклучување во системот на одлучување во локалната самоуправа.

**Член 3**

Во општината се создаваат услови на основање на облици на месна самоуправа, како битен елемент на општината и се овозможува на граѓаните да придонесуваат за нејзино подобро функционирање во целина, непосредно да ги согледуваат проблемите на заедничкиот живот во соседството, да расправаат за можностите за нивно решавање, да донесуваат одлуки и да здружуваат средства, како и непосредно да се ангажираат во спроведувањето на заеднички донесените одлуки.

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат во градско подрачје – урбани заедници, а во населените места – месни заедници.

Обликот на месната самоуправа се основа во подрачјето на градот за урбана единица согласно урбанистичкиот план, а за населените места (месните заедници), во границите на катастарската општина на населеното место. Во населените места со поголем број на жители можат да се основаат повеќе месни заедници согласно на потребите на населението.

**Член 4**

Облиците на месна самоуправа работат во рамките на правата утврдени со Законот, Статутот на општината Крива Паланка, делегираните надлежности од Градоначалникот на општината и врз основа на овие правила .

**Член 5**

Обликот на месна самоуправа има свое име утврдено со Одлуката за основање.

На подрачјето на општината Крива Паланка, имињата на облиците на месна самоуправа се разликуваат и не може да постојат две или повеќе месни/урбани заедници со исто или слично име.

**Член 6**

Работењето на обликот на месна самоуправа се однесува за подрачјето за кое е основана.

**Член 7**

Обликот на месна самоуправа користи печат, со кој ја потврдува автентичноста на потписите на овластените лица на донесените документи.

Печатот на обликот на месна самоуправа е со округла форма со испишан текст Република Македонија - Општина Крива Паланка во концентричен круг, а името на обликот на месна самоуправа е испишано хоризонтално во средината на печатот.

За употребата на јазикот и писмото на печатот соодветно се применуваат одредбите од статутот на општината што се однесуваат на употребата на службените јазици во општината.

**Член 8**

Обликот на месна самоуправа ја претставува и застапува претседателот на советот на обликот на месна самоуправа (во натамошниот текст: Советот).

Во отсуство на претседателот на советот, обликот на месна самоуправа го претставува и застапува член на советот определен од претседателот на советот.

Во месната заедница во која не се избира Совет, месната заедница ја претставува и застапува претседавачот на собирот на граѓани на месната заедница.

**Член 9**

Облиците на месна самоуправа меѓусебно соработуваат заради остварување на нивните заеднички интереси.

Облиците на месна самоуправа може заради остварување на заеднички интереси да соработуваат и да здружуваат средства и со облици на месна самоуправа од подрачјето на други општини во согласност со договор помеѓу општините.

**Член 10**

Обликот на месна самоуправа се евидентира во евиденцијата на облиците на месна самоуправа што се води во општината.

## II. РАБОТИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 11**

Надлежности на облиците на месна самоуправа се:

- разгледување и заземање ставови за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје;
- утврдување предлози за прашањата од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје;
- одлучување за одделни прашања што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на општината и органите на државната власт.

Граѓаните од подрачјето на урбаните и месните заедници, работите од надлежноста на урбаните и месните заедници, ги остваруваат преку нивните органи.

**Член 12**

Граѓаните во обликот на месна самоуправа расправаат, даваат иницијативи за донесување одлуки и други прописи, даваат иницијативи за остварувањето на заедничките интереси, им даваат предлози на надлежните органи и преземаат мерки за разрешување на локални и проблеми од областа на:

- комуналните дејности (снабдувањето со вода и одведувањето на отпадните води, одржување на хигиената и зеленилото, изградба и одржување на патната мрежа, уредување и одржување на гробиштата и др.);
- заштитата на животната средина (заштита од загадување на водата, воздухот и почвата, заштита од прекумерна бучава и др.);
- урбанистичко уредување на просторот;
- јавниот превоз на патници;
- образованието, здравството и социјалната заштита;
- културни, забавни и спортски манифестации и одржувањето на објектите од јавен интерес;
- развивањето на добрососедските односи;
- снабдувањето со стоки и услуги, како и заштитата на потрошувачите;
- други прашања од секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

**Член 13**

Облиците на месна самоуправа имаат право да даваат иницијативи и предлози за решавање на определени прашања од страна на општината, како и да бараат од општината да ги покренува тие прашања пред други надлежни органи.

**Член 14**

Облиците на месна самоуправа можат да даваат предлози до органите на општината за членови на посебните тела на општината кои разгледуваат прашања од обласга на урбанизмот, заштитата на потрошувачите, односите меѓу заедници застапени во општината, како и за други предлози за кои тоа е предвидено со закон, статутот и другите прописи на општината.

**Член 15**

Облиците на месна самоуправа вршат и определени работи од надлежност на општината, доколку им бидат доверени од Градоначалникот.

Делегираните надлежности од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка се извршуваат преку органите на урбаните и месните заедници.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 16**

Во облиците на месна самоуправа за вршење на работите од нивна надлежност се организира Собир на граѓани, може да се формира Совет, може да се свикуваат специјализирани (интересни) собири и да се спроведува анкета.

За формирање на Совет одлучуваат граѓаните со живеалиште на подрачјето на обликот на месна самоуправа.

Во месните заедници во кои не се формира Совет, работите се вршат преку Собир на граѓани

## 1. СОБИР НА ГРАЃАНИ

**Член 17**

Собирот на граѓани (во натамошниот текст: Собир) го сочинуваат сите полнолетни граѓани со живеалиште на подрачјето на обликот на месна самоуправа.

Собирот го свикува Градоначалникот на Општината или Советот на урбаната и месната заедница.

Градоначалникот го свикува Собирот по сопствена иницијатива и по иницијатива на група на граѓани.

Градоначалникот е должен да го свика Собирот на граѓани на начин што ќе упати соопштение најмногу 15 дена пред денот на одржувањето на собирот на граѓани, како и со истакнување на соопштението на видни места на територијата на урбаната односно месна заедница за којашто се свикува Собирот на граѓани.

Соопштението треба да го содржи местото на коешто ќе се одржи собирот на граѓани, времето на одржување, дневниот ред за којшто се свикува Собирот на граѓани.

Собирот се свикува со писмени известувања, преку дневниот печат, преку електронски медиуми или на друг погоден начин.

**Член 18**

На Собирот се разгледуваат и се усогласуваат ставовите по прашања од надлежност на обликот на месна самоуправа, се покренуваат иницијативи и се одлучува за прашања од заеднички интерес на жителите.

**Член 19**

На собир граѓаните на облиците на месна самоуправа:

- покренуваат иницијатива до општината за распишување на Референдум;
- одлучуваат за формирање Совет и избор на членови на советот;
- расправаат и решаваат за други работи утврдени со закон, Статут на општината Крива Паланка и други прописи на општината;
- разгледуваат проекти од интерес на обликот на месна самоуправа.

**Член 20**

На Собирот во одлучувањето учествуваат полнолетните граѓани, а одлуки се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

За работа на собирот се води записник.

За работата на Собирот на којшто се избираат членови на советот на урбаната односно месната заедница се води Записник којшто го потпишуваат членовите на Комисијата за избор, утврдените и избраните кандидати за членови на советот на урбаната односно месната заедница и истиот се доставува до Архивата на општината.

**а) Собир во месните заедници во кои не се формира Совет**

**Член 21**

Собирот во месната заедница во кои не се формира Совет, на првото свикување избира претседател на Собирот со мандат од 4 години

**Член 22**

Собирот во месните заедници во кои не се формира Совет го свикува претседателот на Собирот по сопствена иницијатива и на предлог на 5% полнолетни жители на Месната заедница, откако претходно се информирани граѓаните на соодветен начин.

Собирот се свикува најдоцна 7 дена од денот на поднесувањето на предлогот од став 1 на овој член.

Доколку претседателот не го свика Собирот, граѓаните сами се организираат и го одржуваат Собирот.

**Член 23**

Со Собирот во месната заедница во кои не се формира Совет раководи Претседателот на Собирот.

Претседателот на Собирот го предлага дневниот ред за работа на Собирот.

Собирот работи по точките од дневниот ред.

По точките од дневниот ред се води расправа.

**б) Собир во месните заедници во кои се формира Совет**

**Член 24**

Со Собирот во облиците на месна самоуправа претседава Претседателот на Советот на обликот на месна самоуправа.

**Член 25**

Во име на советот на обликот на месна самоуправа, собирот во облиците на месна самоуправа го свикува Претседателот на советот на предлог на 1/3 членови на Советот, по предлог на Градоначалникот на општината и на предлог на 5% граѓани на месната заедница најдоцна во рок од 7 дена од денот на поднесувањето на предлогот.

Доколку претседателот на Советот не го свика Собирот, граѓаните сами се организираат и го одржуваат собирот, со кој ќе раководи лице избрано од присутните на собирот.

**Член 26**

Со собирот во облиците на месна самоуправа раководи Претседателот на советот.

Претседателот на Советот го предлага дневниот ред за работа на Собирот.

Собирот работи по точките од дневниот ред.

## 2. СОВЕТ

**Член 27**

Орган на урбаните и месните заедници е Советот.

Советот може да се состои од три до седум члена.

Мандатот на членовите на Советот трае четири (4) години.

**Член 28**

Одлука за распишување на избори за членови на Советот на урбаната/месната заедница донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување на избор на членови на Советот на урбаната односно месната заедница, донесува собирот на граѓани кој во рок од 15 (петнаесет) дена од последниот ден во којшто согласно став 1 на овој член Советот во стариот состав требало да донесе одлука за распишување на избор на нови членови на советот.

Доколку ниту Советот од стариот состав, ниту собирот на грагани не донесе одлука за распишување на избори во роковите определни во ст 1 и ст.2 од овие правила одлуката за избор на членови на советите на облиците на месните самоуправи ја донесува Градоначалникот на Општината.

**Член 29**

На членот на Советот, мандатот му престанува во следните случаи:

- со оставка,
- поради смрт,
- со промена на местото на живеење,
- поради одсуство подолго од шест месеци

Престанокот на мандатот на членовите на Советот, Советот го констатира без расправа и за тоа ја известува општината.

Советот или одделни негови членови можат да бидат отповикани и пред истекот на мандатот:

- неоправдано отсуство од седниците на советот повеќе од три пати последователно

- непочитување на правилата за работа
- непримерно однесување.

Член 30

Членувањето во Советот е доброволно и почесно.

а) Предлагање, утврдување и избор на членови на Советот

Член 31

Предлагањето, утврдувањето на кандидатите и изборот на членови на Советот на урбаните и месните заедници, се врши на Собир на граѓани доколку присуствуваат најмалку 10% од граѓаните жители на урбаните и месните заедници.

Член 32

Изборот на членовите на Советот се врши со јавно гласање со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот. доколку собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Јавното гласање се спроведува со кревање на рака.

Членовите на Советот со тајно гласање, се избираат со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот. Тајното гласање го спроведува Комисијата за избор од член 36 на овие Правила. Тајното гласање се спроведува со гласачки ливчиња на начин и постапка што обезбедува изјаснувањето на граѓаните да биде непосредно, слободно и тајно, а резултатите да бидат утврдени на транспарентен начин.

Член 33

Предлог на кандидат за член на Советот може да поднесе секој полнолетен присутен граѓанин на собирот, жител на подрачјето на обликот на месна самоуправа за кое се врши избор.

Предлозите за кандидат се даваат поединечно и секој има право да предложи само еден кандидат. Предложениот кандидат за член на советот мора да биде полнолетен и да биде жител на подрачјето на урбаната односно месната заедница.

Секој предложен кандидат дава согласност за прифаќање на кандидатурата.

Член 34

За утврден кандидат се смета кандидатот кој добил мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот, жители на облиците на месна самоуправа.

Во случај повеќе граѓани да добиле мнозинство гласови се избира според бројот на добиените гласови.

Член 35

На Собирот на граѓаните може да се предложат, односно утврдат најмногу два пати повеќе кандидати од вкупниот број на членови на советот.

Доколку повеќе од предложените кандидати од предвидениот максимум во став 1 на овој член добиле мнозинство на гласови за утврдување тогаш за утврдени се сметаат кандидатите коишто добиле најголем број на гласови.

### Член 36

Изборот за членови на советот на урбаната односно месната заедница го спроведува и врши Комисија за избор којашто со одлука ја формира Советот на општината Крива Паланка.

Комисијата за избор на членови на советот на урбаната односно месната заедница брои 5 члена, и 3 заменици .

### Член 37

Надлежности на комисијата за избор на членови на советот на урбаната односно месната заедница:

- да го отвори собирот на граѓаните на којшто ќе се избираат членови на урбаната односно месната заедница;
- да ги повика присутните граѓани да предложат кандидати за членови на советот;
- да утврди дали предложените кандидати за членови на советот на урбаната односно месната заедница ги исполнуваат условите за кандидат за член на советот на урбаната односно месната заедница;
- да прибави согласност од предложениот кандидат за член на советот на урбаната односно месната заедница;
- да изготви листа на предложените кандидати, по што ќе се пристапи кон нивно утврдување;
- да ги повика граѓаните да пристапат кон гласање за утврдување на предложениот кандидат за член на советот на урбаната односно месната заедница;
- да утврди кои од предложените кандидати се утврдени од страна на собирот на граѓани согласно член 17 од овие правила;
- да изготви листа на утврдените кандидати за членови на советот на урбаната односно месната заедница;
- да ги повика присутните граѓани на собирот на граѓани да гласаат за избор на членови на советот на урбаната односно месната заедница од редот на утврдените кандидати;
- да изготви листа на утврдени кандидати со бројот на гласови коишто секој поединечно ги добил при изборот и да утврди кои од утврдените кандидати се избрани за членови на советот на урбаната односно месната заедница;
- да ги прогласи избраните членови на советот на урбаната односно месната заедница.

### Член 38

Ако при гласањето за членови на Советот двајца или повеќе кандидати добијат ист број на гласови, и заради тоа не може да се утврди кој од нив добил мандат за член на советот, гласањето се повторува само за тие кандидати.

Ако при гласањето за членови на Советот не се избере потребниот број на членови на Советот, ќе се спроведе нова постапка за избор на онолку кандидати колку не се избрани.

Доколку член на Советот кој е избран со тајно гласање се откаже или даде оставка, Советот ја констатира без расправа, а доколку Советот не е конституиран, оставката ја констатира Комисијата за избор и на негово место доаѓа кандидат од листата кој има освоено најмногу гласови.

б) Работа на Советот

Член 39

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се одржуваат по потреба.

Член 40

Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советот.

Член 41

Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува Претседателот на советот од претходниот состав во рок од 30 дена по одржувањето на изборите.

Член 42

Доколку првата седница на Советот не е свикана во рокот од претходниот член, членовите на Советот сами се состануваат и го конституираат Советот.

Член 43

На првата седница, Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови избира Претседател на начин определен за избор на Претседател на советот на општината согласно одредбите од членовите од Законот за локалната самоуправа.

До изборот на Претседател на советот со седницата раководи еден од членовите на советот.Претседателот на советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

Претседателот од редот на членовите на советот определува свој заменик кој ќе го заменува во случај на спреченост да ја обавува функцијата.

Член 44

Советот работи доколку на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број негови членови.

Советот одлучува со мнозинство од присутните членови.

Работата на претседателот и членовите на Советот е волонтерска и немаат право на надомест.

Член 45

Во случај на престанок на мандатот на член на Советот, на негово место влегува наредниот кандидат од заверената листа од чл.37 ст.10 од овие правила, во спротивно се спроведуваат дополнителни избори за пополнување на испразнетото место.

Член 46

Советот ги врши следните работи:

- донесува Програма и план за работа на месната заедница;

- донесува одлуки за изградба, одржување и користење на објекти од јавен интерес, кои не се во надлежност на органите на општината или органите на државната власт;

- донесува Деловник за својата работа;

- поднесува иницијатива за распишување референдум;

- утврдува предлози за кои граѓаните одлучуваат на собир;

- се грижи за спроведување на заклучоците на Собирот на граѓаните;

- именува членови на комисии и други тела на Одборот;
- донесува одлуки за свикување собир на граѓани и презема активности за нивно одржување;
- спроведува анкети;
- соработува со Градоначалникот, Советот на општината и други органи и организации;
- врши и други работи определени со закон, Статутот на општината и други прописи.

### Член 47

Советот за својата работа е одговорен пред Собирот на граѓаните, пред Советот и пред Градоначалникот на општината Крива Паланка.

### Член 48

Претседателот на Советот обликот на месна самоуправа ги врши следните работи:
- ја претставува и застапува месната заедница;
- се грижи за подготвување на седниците на Советот;
- ги потпишува актите и заклучоците на Собирот на граѓаните како и на органите и телата на месната заедница;
- го информира Советот за својата работа;
- раководи со реализацијата на програмата на обликот на месна самоуправа одобрена од општината;
- ги врши работите делегирани од Градоначалникот на општината;
- се грижи за законитоста на работењето на обликот на месна самоуправа.

## в) Работни тела на Советот

### Член 49

За следење и разгледување на одделни прашања и појави, давање на предлози и предлагање на мерки, Советот може да формира работни тела:
- Комисија за уредување на населбата;
- Комисија за заштита и унапредување на човековата околина;
- Комисија за јавни дејности;
- Комисија за развој, унапредување на услужни дејности, занаетчиство, земјоделство и други стопански дејности и друго;
- Комисија за спорт и рекреација.

Советот по потреба може да формира и други работни тела.

### Член 50

Со актот за формирање на работните тела, се утврдува делокругот, составот и времето за кое се формираат работните тела.

### Член 51

Работните тела за својата работа поднесуваат извештај до Советот најмалку еднаш годишно.

## 3. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ (ИНТЕРЕСНИ) СОБИРИ

### Член 52

Советот за разгледување на одделни прашања може да свика специјализирани собири.

Како специјализирани собири може да се свикаат:

- собир на потрошувачи и корисници на услуги;
- собир на родители;
- собир на станари;
- собир на индивидуални земјоделци;
- други специјализирани собири.

На специјализираните собири се разгледуваат прашања, состојби и проблеми од областите за кои е свикан Собирот.

На специјализираните собири можат да се поканат и претставници на Општината, одделни подрачни единици на министерствата и други заинтересирани органи и организации.

## 4. АНКЕТА

### Член 53

Анкетата е форма преку која граѓаните писмено одлучуваат за одредени предлози на Советот, Градоначалникот и Советот на општината, за утврдување приоритети при решавањето на одделни прашања и давање мислења и предлози кои прашања би требало да се третираат во наредниот период.

Ако мнозинството од жителите по пат на анкета се изјаснат за определен предлог на Советот, Градоначалникот или Советот на општината, во тој случај истиот се смета за прифатен.

Одлука за спроведување на анкетирањето донесува Советот.

## IV. ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА ОБЛИКОТ НА МЕСНА САМОУПРАВА

### Член 54

Облиците на месна самоуправа работите од своја надлежност ги извршуваат со стручна, техничка и материјална подршка од општината.

Стручната подршка подразбира подготовка на планови, проекти и други материјали со кои облиците на месна самоуправа покренуваат решавање на прашања од интерес на граѓаните на нивното подрачје.

Техничката подршка подразбира составување, обработка и умножување на материјали, употреба на технички средства и помагала за административно работење и комуницирање.

Материјалната подршка подразбира обезбедување работни простории и опрема, надоместоци за комунални давачки и материјални средства за набавка на ситен и потрошен материјал.

### Член 55

Подршката на работата облиците на месна самоуправа се обезбедува преку државни службеници во општинската администрација задолжени за месната самоуправа.

Претставниците на облиците на месна самоуправа подршката ја остваруваат непосредно со државниот службеник од став 1 на овој член.

### Член 56

Подршката на работата се обезбедува и преку дополнителни контакти на претставниците на месните заедници со државните службеници од општинската администрација.

Подршка се обезбедува и преку задолжително присуство на раководни државни службеници од општинската администрација на собири и седници на Совет заради давање стручно појаснување и образложенија на материјали за кои се расправа.

### Член 57

За доверените работи од Градоначалникот на Претседателот на советот целосно се обезбедуваат услови за нивно извршување.

За извршување на доверените работи од страна на Градоначалникот на Претседателот на месната заедница се даваат упатства и насоки.

Вршењето на доверените работи подлежи на надзор и контрола.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

### Член 58

Работата на облиците на месна самоуправа се финансира од:

- Буџетот на општината;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- приходи од имот што општината и го дала на месната заедница на управување;
- средства што ќе ги отстапат заинтересираните правни и физички лица;
- подароци; и
- други средства.

### Член 59

Од Буџетот на општината се финансира:

- тековното работење на облиците на месна самоуправа;
- програми за финансирање на одредени активности на подрачјето на облиците на месна самоуправа;
- други потреби на облиците на месна самоуправа.

Прибирањето и трошењето на средствата од став 1 алинеја 1 на овој член се врши преку Буџетот на Општината.

Доверените работи од надлежност на Општината се финансираат од страна на Општината, при што со решение на градоначалникот се определува органот и начинот на вршење надзор на извршувањето на доверените работи.

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствените работи на органот на обликот на месната самоуправа.

### Член 60

За финансирање на тековните активности обликот на месна самоуправа е должен до крајот на второто тромесечие од тековната година до општината да ги достави годишните потреби на средства за покривање на тековните трошоци.

### Член 61

Со програма за финансирање на одредени активности на своето подрачје облиците на месна самоуправа го утврдуваат видот на активностите, го определуваат износот и изворите на средства и ја определуваат динамиката за нивно извршување.

Програмата се доставува до општината во календарската година до крајот на вториот квартал, со предлог за нејзино вградување во Буџетот на општината за наредната календарска година.

Програмите за кои се обезбедени повеќе од 50 % од потребните средства од страна на месните заедници имаат приоритет при утврдување на Буџетот на општината.

## VI. СОРАБОТКА МЕЃУ ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНА САМОУПРАВА

### Член 62

Облиците на месна самоуправа од подрачјето на општината остваруваат меѓусебна соработка и поврзување за остварување на заеднички цели и интереси.

Меѓусебната соработка се остварува преку:

- покренување на заеднички иницијативи до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност;

- меѓусебно договарање за единствен приод во разрешување на прашања од заеднички интерес;

- размена на искуства од своето работење.

Меѓусебната соработка се остварува со организирање на средби на претставниците на облиците на месна самоуправа, заеднички седници на советите и на работните тела.

Заедничките иницијативи до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност се покренуваат со усвојување на идентичен текст на иницијативата, од страна на облиците на месна самоуправа.

### Член 63

Облиците на месна самоуправа од подрачјето на општината можат да соработуваат и со облиците на месна самоуправа од подрачјето на соседна општината.

Обликот на месна самоуправа е должен да ја извести општината за остварена соработка со обликот на месна самоуправа од друга општина ако соработката е остварена за прашање од надлежност на општината.

## VII. КОМУНИКАЦИЈА СО ОПШТИНАТА

### Член 64

Облиците на месна самоуправа остваруваат комуникација со општината преку присуство на нејзини претставници на средби со Градоначалникот на општината и со Претседателот на советот.

Средбите се одржуваат по иницијатива на претставници на облиците на месна самоуправа или по иницијатива на Градоначалникот на општината или советот.

Претставници на облиците на месна самоуправа можат да присуствуваат на седниците на советот особено кога се расправа за прашања кои имаат допирни точки со интересите на жителите од облиците на месна самоуправа.

**Член 65**

Облиците на месна самоуправа редовно се информираат за седниците на Советот.

Облиците на месна самоуправа по барање на советот даваат мислење по материјалите што се од непосреден интерес за граѓаните на облиците на месна самоуправа.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Член 66**

Советот е должен редовно да ги информира граѓаните за покренатите иницијативи, за прашањата за кои непосредно одлучува како и за активностите што ги презема, а што се од значење за граѓаните со живеалиште во подрачјето на обликот на месна самоуправа.

Информирањето на граѓаните се врши преку соопштенија истакнати на погодни места, преку средствата за јавно информирање или друг погоден начин.

## IX. НАДЗОР

**Член 67**

Надзор над примената на Правилата за работа на облиците на месна самоуправа врши Општината.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 68**

Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Крива Паланка.

**Број 07- 3616/57** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.09..2010 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски.с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување Правила за работа на облиците на месна самоупава на Општина Крива Паланка**

1. Се прогласуват Правила за работа на месна самоуправа на Општина Крива Паланка, , што Советот ги донесе на 20-та седница, одржана на 27.09.2010 година.

2. Правилата да се објават во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 3616/58
29.09.2010 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав.Арсенчо Алексовск,с.р.

---

## С О Д Р Ж И Н А


1. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Годишната програма за работа на СОУ „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка во учебната 2009/10 година ........ 256
2. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на Годишната програма за работа на СОУ „Ѓорче Петров“-Крива Паланка за учебната 2009/10 година ........ 256
3. Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ „Ѓорче Петров“-Крива Паланка за учебната 2010/2011 година ........ 257
4. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување Годишна програма за работа на СОУ „Ѓорче Петров“-Крива Паланка за учебната 2010/2011 година ........ 257
5. Одлука за давање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици ........ 258
6. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање согласност на барањето за формирање на паралелки со помал број на ученици 259
7. Одлука за усвојување на Извештај за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ Крива Паланка во уечбната 2009/10 година ........ 259
8. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка за учебната 2009/10 година ........ 260
9. Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка за учебната 2010/2011 година ........ 260
10.Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски-Крива Паланка за учебната 2010/2011 година ........ 261
11.Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ „Илинден“ - Крива Паланка во учебната 2009/2010 година ........ 261
12. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ОУ „Илинден“- Крива Паланка во учебната 2009/10 година........ 262

13. Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ „Илинден“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година ............ 262
14. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ „Илинден“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година ............ 263
15. Одлука за усвојување на Извештај за работа на ОУД „Боро Менков“ – Крива Паланка во учебната 2009/2010 година ............ 263
16. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Извештај за работа на ОУД „Боро Менков“ –Крива Паланка во учебната 2009/2010 г. 264
17. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУД „Боро Менков“ - Крива Паланка за учебната 2010/2011 година ............ 264
18. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУД „Боро Менков“-Крива Паланка во учебната 2009/2010 г. 265
19. Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУД Детска градинка „Детелинка“-Крива Паланка во учебната 2009/2010 година 265
20. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работа на ОЈУД Детска градинка „Детелинка“-Крива Паланка во учебната 2009/2010 година ............ 266
21. Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОЈУД за деца Детска градинка „Детелинка“-Крива Паланка за учебната 2010/2011 г. 266
22.Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Годишна програма за работа на ОЈУД за деца Детска градинка „Детелинка„ – Крива Паланка во учебната 2009/2010 година ............ 267
23.Одлука за усвојување на Извештај за безбедносната состојба во областа на јавната безбедност во првите 6 месеци од 2010 година ............ 267
24. Заклучок за прогласување на Одлуклата за усвојување на Извештајот за безбедносната состојба во областа на јавната безбедност во првите 6 месеци од 2010 година ............ 268
25. Иницијатива за поведување на постапка за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка ............ 268
26.Заклучок за прогласување на Иницијатива за поведување на постапка за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка ............ 270
27. Предлог – листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка ............ 270
28. Заклучок за прогласулвање на Предлог – листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Крива Паланка............ 273
29. Одлука за формирање (именување) на плоштад Карпошово востание 273
30. Заклучок за формирање (именување) на плоштад Карпошово востание 274
31. Одлука за подигање на спомен обележје на македонскиот ајдутски Војвода Карпош ............ 275
32. Заклучок за прогласување на Одлуката за подигање на спомен обележје на македонскиот ајдутски Војвода Карпош ............ 276

33. Одлука за изменуање и дополнување на Буџетот на ЕЛС Криа Паланка за 2010 година ........ 277
34. Заклучок за прогласување на Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година ........ 278
35. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година ........ 278
36. Заклучок за прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година ........ 279
37. Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланка за 2010 година ........ 279
38. Заклучок за прогласување на Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланка за 2010 година 280
39. Одлука за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.350 во КО Крива Паланка ........ 281
40. Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.350 во КО Крива Паланка ........ 282
41. Одлука за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.302 во Крива Паланка ........ 282
42. Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од к.п.бр.302 во Крива Паланка ........ 283
43. Одлука за усвојување на Елаборатот од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка ........ 284
44. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Елаборатот од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка ........ 284
45. Одлука за примање на донација ........ 285
46. Заклучок за прогласување на Одлуката за примање на донација ........ 285
47. Одлука за давање приоритет на проект „Изградба и реконструкција на локални патни правци на подрачјето на Општина Крива Паланка 286
48. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање приоритет на проект „Изградба и реконкструкција на локални патни правци на подрачјето на Општина Крива Паланка ........ 287
49. Одлука за давање согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Меѓуопштинска соработкла за унапредување на животната средина“ ........ 288
50. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Меѓуопштинска соработка за унапаредување на животната средина„ ........ 289

51. Деловник за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Крива Паланка ........ 289
52. Заклучок за прогласување на Деловникот за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Кр.Паланка 296
53. Одлука за определување на опфатот на урбани заедници во градот и месните заедници во населените места ........ 296
54. Заклучок за прогласување на Одлуката за определување на опфатот на урбани заедници во населените места ........ 303
55. Правила за работа на облиците на месната самоуправа на Општина Крива Паланка ........ 303
56. Заклучок за прогласување Правила за работа на облиците на месната самоуправа на Општина Крива Паланка ........ 316